Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО ХОТЕЛИЕРСТВО” ОД Д-Р НАКО ТАШКОВ И Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”- ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-101/4 од 24 јануари 2012 год., Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип на својата редовна седница одржана на ден 24 јануари 2012 год. ги избра рецензентите:

- д-р Билјана Петревска – доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип и
- д-р Марија Ацковска – доцент на Економскиот институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје

со задача да изготват и доставаат писмен извештај (рецензија) на ракописот „**СКРИПТА ПО ХОТЕЛИЕРСТВО**” од авторите **доц. д-р Нако Ташков** и **д-р Дејан Методијески**.

По прегледот на приложениот ракопис, Комисијата го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „**Скрипта по хотелиерство**” е учебно помагало по предметот Хотелиерство, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во II семестар на додипломските студии. Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2011/2012 година, на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика се вреднува со 8 кредити.

Ракописот е напишан на македонски јазик, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 12, содржи 14 табели и има вкупно 185 страници. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број на часови, при што се слуша како задолжителен предмет на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика со фонд на часови 2+2+2 во II семестар.

Авторите се раководеле од основната цел да им помогнат на студентите во совладувањето на најважните области од хотелското работење. Притоа, нивото и стилот на обработка на материјата се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломските студии.

Ракописот методолошки е структуриран во девет глави кои меѓусебе се надополнуваат и ги покриваат најзначајните теми кои вообичаено се сретнуваат во современата литература од оваа област.

Во првата глава е опфатен материјалот за појавата и историскиот развој на хотелиерството како дејност. Табеларно се прикажани капацитетите на објектите за сместување во светот. Прикажани се и статистички податоци за бројот на туристите и остварените ноќевања од нивна страна во нашата земја.

Во втората глава е објаснета материјално-техничката база во хотелиерството, хотелскиот комплекс (блок за ноќевање, блок за хранење и дополнителни услуги), видовите објекти за престој, нивното дефинирање и класификација.

Во треатата глава се разгледуваат карактеристиките на објектите за престој, се дава дефиниција за хотел, видови на хотели, синџири на хотели, мотел, кампинг, бунгалови, туристички населби и други објекти за престој.

Четвртата глава е посветена на персоналот (кадрите) во хотелиерството. Објаснети се задачите, фунциите и одговорностите на административно-управувачкиот персонал (менаџери) и услужниот персонал (рецепционер, домаќин и др.), нивната селекција, атестација и развој.

Петтата глава го содржи материјалот за технологијата и организацијата на услужувањето во хотелиерството. Разгледани се: резервациите и резервациските системи; пречекувањето, регистрацијата, сместувањето и испраќањето на гостите; хотелската соба

(намена и опременост) и организацијата на работата во хотелското домаќинство.

Во шестата глава се обработуваат дополнителните услуги во хотелиерството (рехабилитациски, спортски, минибар, рум-сервис), социјално-психолошките аспекти во хотелското работење, безбедноста на гостинот, хотелот и животната средина и најчесто користените форми на реклама во хотелиерството.

Седмата глава е посветена на системот „ол инклузив" во хотелиерството. Разгледани се неговите карактеристики, факторите за развој, пазарот и развојот на овој вид на одмор.

Осмата глава ја опфаќа материјата поврзана со хотелиерството и крстарењата. Прикажана е индустријата на крстарењата и како е организиран бродот за крстарење.

Во деветтата глава се разгледува материјалот поврзан со категоризацијата на угостителските објекти, условите за категоризација, барањето за категоризација и услугите кои се нудат во угостителските објекти.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите и е во согласност со студиската програма Хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика и како таков е соодветен да се користи како учебно помагало (СКРИПТА) по предметот Хотелиерство.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип со задоволство **му предлагаме ракописот „Скрипта по хотелиерство" од авторите доц. д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески да биде издаден во електронска форма како СКРИПТА** за потребите на студентите од II семестар студии на насоката Туризам и насоката Гастрономија, исхрана и диететика.

**Скопје, февруари 2012 г.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Билјана Петревска, с.р.**
**Д-р Марија Ацковска, с.р.**